"ЕВРОПА" – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 0201/2055
14.05 2026 год
СКОПЈЕ

Согласно член 487 и 490 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на друштвото, Собранието на акционери на друштвото, на седницата одржана на ден 14 Мај 2026 година ја донесе следната

# **О Д Л У К А**

***за определување на износ и датуми***
***за исплата на дивиденда***

**Член 1**

Се одобрува исплата на дивиденда од добивката на друштвото за 2025 година во бруто износ од 11.501.700 денари .

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 50 денари.

Дивидендата ќе се исплатува во пари на трансакциска сметка на акционерите.

**Член 2**

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар

- Последен ден на тргување со право на дивиденда 01.06.2026 година;
- Прв ден на тргување без право на дивиденда 02.06.2026 година;
- Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда 03.06.2026 година.

**Член 3**

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 14.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

Скопје, 14 Мај 2026 година

Фабрика за чоколади, вафли и бонбони
"ЕВРОПА"
А.Д. СКОПЈЕ

Претседавач на
Собрание на акционери
на АД ЕВРОПА Скопје

______________________________